Врз основа на член 54, став (1), точка 1. потточка 1.3 , а во врска со член 61, став (1) точка 3. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и „135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

## Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26 и 60/26), член 5 став (2) се менува и гласи:

„Одлуката од став (1) на овој член се донесува најдоцна до последниот понеделник во мај во тековната година за периодот од последниот понеделник во мај до последниот понеделник во ноември во тековната година и најдоцна до последниот понеделник во ноември во тековната година, за периодот од последниот понеделник во ноември во тековната година до последниот понеделник во мај во наредната година.“

## Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**.**

**Бр. 02-629/1**
**23.04.2026**
**С к о п ј е**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 54, став (1), точка 1. потточка 1.3, а во врска со член 61, став (1) точка 3 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија е надлежна за донесување на Правилник за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Со овој Правилник се менува терминот, односно месецот на донесување на Одлуката предвидена во членот 5, став 2 од овој Правилник за изменување на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Оваа промена на Правилникот произлегува од потребата за дополнително следење на пазарот со нафта и нафтени деривати за уште еден месец, заради тоа што во последните месеци овој пазар е мошне нестабилен, со нагли, непредвидливи и екстремни промени во берзанските цени на суровата нафта и нафтените деривати, односно има големи осцилации на параметрите што директно влијаат во формирањето на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт во државата.

Промената на Правилникот ќе обезбеди доволно дополнително време за обезбедување на квалитетни податоци и извештаи од релевантни институции, што ќе овозможи детални анализи на работењето на учесниците на пазарот со нафта и нафтени деривати во државата и ќе придонесе за што е можно поточно одредување на параметрите со кои се формираат највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт во државата.